## ЗАКЛУЧОК

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, на 17 октомври 2025 година расправаше за Претставката поднесена од [redacted], главна и одговорна уредничка на порталот Апла.мк, против независната иницијатива „Поинаку“, односно нивни поддржувач [redacted].

Во претставката [redacted] наведува дека [redacted] со вулгарности и крајно недоличен речник го нападна порталот Апла.мк од Битола...откако порталот објави дека брендирано камионче со фотографии од кандидатката за градоначалник на Битола, [redacted], е паркирано погрешно на пешачка патека и дел на коловозот“, за што приложува и фотографија.

Координативното тело одлучи да не расправа по претставката бидејќи лицето [redacted], во моментов не е опфатено со Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми.

Кодексот се однесува на политичките партии, нивните кандидати и независните кандидати, во онлајн просторот (вклучувајќи и на социјалните мрежи), интернет-изданијата на радиодифузерите, онлајн-медиумите, проверувачите на факти, инфлуенсерите и други субјекти кои можат да извршат влијание врз граѓаните и нивното гласачко право.

Скопје,
20.10.2025 година

**Координативно тело**
**за следење на почитувањето на начелата и стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**